Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. УП/UP1-15-2127/2024
Дата/Data: 26-12-2024

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20, 111/23 и 171/24), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42 paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), dhe në lidhje me Në nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 39/04), ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

## Р Е Ш Е Н И Е
### за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Ново Село се издаваат Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село.

Вкупната должина на трасата изнесува 0,62 km. Должината на трасата за која се издаваат условите за планирање изнесува 0,32 km. Останатиот дел од трасата поминува низ издадени.:

- Услови за планирање на просторот за изградби за производство на електрична енергија од обновливи извори - фотоволтаична електрана (гп1) со капацитет од 1 MW, на КП 3795, КП 3791, КП 3792, КП 3794, КП 3793, КП 3962, КП 3963 и КП 3789, КО Сушица, Општина Ново Село, со тех.бр.У24322.

- Услови за планирање на просторот за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.6- канализациски инфраструктури за пречистителна станица на фекален канализационен систем за с.Сушица и испусен колектор во реципиентот, Општина Ново Село, со тех.бр.У00521.

## A K T V E N D I M
### për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1 Me këtë Aktvendim Komunës së Novo Sellës, i jepen Kushtet për planifikim hapësinor me destinim për infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllore nëntokësore 10(20) kV, KK Sushicë, Komuna e Novosellës.

Gjatësia përgjithshme e trasës është 0,62 km. Gjatësia e trasës për të cilën jepen kushtet për planifikim është 0,32 km. Pjesa tjetër e trasës kalon përmes zonave për të cilat janë lëshuar:

- Kushtet për planifikimin e hapësirës për ndërtimin e impiantit për prodhimin e energjisë elektrike nga burime të rinovueshme - central fotovoltaik (gp1) me kapacitet 1 MW, në PK 3795, PK 3791, PK 3792, PK 3794, PK 3793, PK 3962, PK 3963 dhe PK 3789, KK Sushicë, Komuna e Novosellës, me nr. teknik U24322.

- Kushtet për planifikimin e hapësirës për projekt urbanistik jashtë zonës së planifikuar urbanistike me qëllim E1.6 - infrastrukturë kanalizimi për stacionin e pastrimit të sistemit kanalizues fekal për fshatin Sushicë dhe kolektorin e derdhjes në receptor, Komuna e Novosellës, me nr. teknik U00521.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за село Сушица, Општина Ново Село, со тех.бр.У25215.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.
Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У40324 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- Kushtet për planifikimin e hapësirës për Plan urbanistik për fshatin Sushicë, Komuna e Novosellës, me nr. teknik U25215.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urban.
Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij vendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik U40324 janë pjesë integrale e Aktvendimit.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim për infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllore nëntokësore 10(20) kV, KK Sushicë, Komuna e Novosellës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vërejtje përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i një niveli më të lartë dhe bashkëngjitjet grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht kufizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa kreditore I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokën.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23 И 171/24).

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Сушица има евидентиран недвижен споменик на културата и археолошки локалитет.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

5. Hartuesi ose përpiluesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje në kufi me objektin planore që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urban ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24).

6. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore dhe hartës arkeologjike të Republikës së Maqedonisë në zonën e komunës kadastrale të Sushicës janë evidentuar monumente të paluajtshme të kulturës dhe lokacione arkeologjike.

7. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën në fjalë me destinim për infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllore nëntokësore 10(20) kV, KK Sushicë, Komuna e Novosellës, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Ново Село, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23 и 171/24), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 65207 од 25.09.2024 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2127/2024 од 18.11.2024 година.

Условите за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат

ARSYETIMI

Komuna e Shtipit, bazuar në nenin 42, paragrafi (1) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23 dhe 171/24), ka paraqitur kërkesë nëpërmjet sistemit e-urbanizëm, me numër të procedurës UPP 65207 nga data 25.09.2024, në Agjencinë për planifikimin e hapësirës për lëshimin e Kushteve për planifikimin e hapësirës me destinim për infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllore nëntokësore 10(20) kV, KK Sushicë, Komuna e Novosellës.

Në përputhje me nenin 42, paragrafi (8) të të njëjtit ligj, Agjencia për planifikimin e hapësirës i ka përgatitur Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim për infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllore nëntokësore 10(20) kV, KK Sushicë, Komuna e Novosellës dhe i ka dorëzuar te Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor nën nr. UP1-15 2127/2024 nga data 18.11.2024.

Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim për infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllore nëntokësore 10(20) kV, KK Sushicë, Komuna e Novosellës, përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit të hapësirës dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese për të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski
Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Nedim Rama


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk